# КАРПОШ
# неделен Е - БИЛТЕН







**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
1 - 7 април 2019 Билтен бр. 315

# ДЕНОТ НА ШЕГАТА ГО РАЗУБАВИ КАРПОШ

По повод Денот на шегата – 1 април, денеска се одржаа дефилеа на маски во градинките и основните училишта на територијата на Општина Карпош. Најмалите карпошани од градинките и основците се претставија пред своите родители и присутните гости преправени во принцези, самовили, пчелички, бубамари и суперхероите спајдермени, бетмени, супермени, пирати...

Традиционално, секоја година градинката „Орце Николов", организира првоаприлски маскенбал, на којшто годинава гости беа првоодделенците од основните училишта кои се во непосредна близина на трите клона на оваа градинка во населбите Карпош 4, Карпош 3 и Карпош 2.

Пролетното сончево време, дополнително продонесе децата од градинките и училиштата во Карпош, со пригодни песнички, добро да се забавуваат и да уживаат во овој топол и шеговит ден.





# НОВИ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО КАРПОШ

Продолжува зелената офанзива во Карпош. Нови паркови и зелени површини се предвидени на повеќе локации: спроти хотел „Карпош“ на улицата „Шекспирова“ се планира хортикултурно уредување (засадување на нови цвеќиња, украсни грмушки и дрвја). Во продолжение на овој појас, целосно ќе се облагороди и разубави делот околу Драмски театар и пред Тинекс маркетот, во Карпош 2.

Дополнително, со ново зеленило ќе се уреди и потегот долж булеварот „8. Септември“ (кај зградата на Настел), како и делот од спротива, зелениот појас кај комплексот „Македонија“ и лабораторијата „Авицена“. Исто така, ќе се разубави потегот на ул. Љубљанска, поточно, зеленилото спроти кафе барот „Чаптер“.

Ова е заклучено на денешната работна средба меѓу градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев со директорот на ЈП Паркови и зеленило, Адријан Муча и оперативниот директор на ова јавно претпријатие, Игор Вељаноски.



Горенаведените проекти се меѓу програмските активности на ЈП Паркови и зеленило, за оваа година, при што наскоро ќе почнат со изведба.

На средбата се разговараше и за изградба на Спортско – Адреналинскиот парк кој ќе биде лоциран долж Кејот на Вардар (од вештачката карпа до бунарите на р. Лепенец).

-Имаме шанса да добиеме нови „бели дробови“ не само за Карпош, туку за целиот град. Нашата намера е да започнеме со изведба на содржинскиот дел од паркот и веќе добивме грант од Светска банка за оваа намена, но потоа, целосно да го уредиме и продолжението на овој потег, за што ни е потребна поддршка од страна на ЈП Паркови и зеленило и градските власти, рече Богоев.

Идејата за зголемување на зелениот појас долж Вардар ја поздравија претставниците на јавното претпријатие, а директорот Муча посочи дека Општината може да смета на поддршката за целосна изградба на паркот.

Во меѓувреме, Општина Карпош ја планира и новата пролетна акција за засадување на нови, веќе развиени дрвја во различни урбани заедници.

# СО „НЕМАМЕ БАРИЕРИ – СИТЕ СМЕ ИСТИ“ ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО АУТИЗАМ

Денешниот ден - 2 Април кој е прогласен за Меѓународниот ден на лицата со аутизам, основното општински училиште „Вера Циривири- Трена“ од Карпош го одбележа со разни активности и работилници на учениците кои се учесници во школскиот проект „Немаме бариери – сите сме исти“.

Одбележувањето всушност беше збир на креативени идеи и пораки коишто произлегоа од учениците, учесници во проектот, во соработка со стручната служба и директорот на училиштето. Обоени во сино, со повик за хуманост, заемно разбирање и за другарство, но и со личен печат од детските дланки, пораките треба да допрат до срцата на сите деца во светот.

Да изградиме подобра иднина за децата со аутизам и да ги искористиме нивните потенцијали тие да бидат почитувани и еднакви граѓани во нашето општество е основната интенција на овој проект.





# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УШТЕ ДЕЛ ОД УЛ. „БРАНИСЛАВ НУШИЌ“ ВО КАРПОШ 1

Денеска се асфалтираше уште еден дел во должина од 100 метри од улицата „Бранислав Нушиќ“, во урбаната заедница Карпош 1, на потегот од ул. „Никола Тесла“ до ул. „Иван Аговски“.

Општина Карпош продолжува со секојдневното подобрување на инфраструктурата.

Во изминатиот период, во Карпош 1 се обновија и улиците: „Даскал Камче“ и дел од „Гиго Михајловски“, а се санирани и повеќе ударни дупки.

Овие инфраструктурни активности на Општината се дел од буџетските програми за тековната 2019 година, а имаат за цел да ја зголемат безбедноста и да ја подобрат состојбата на сервисните улици.



# АКЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОПОЖАРЕНИОТ ПОТЕГ ДОЛЖ ВАРДАР

Општина Карпош започнува со акција за уредување и оградување на опожарениот потег долж Кејот на Вардар, како и на други, покритични делови во овој дел од Општината, во рамки на општинските надлежности и земајќи ја предвид сопственоста на земјиштето.

Инаку и досега, во повеќе наврати, баравме посериозна поддршка и механизација за целосно чистење на овие депонии, а самостојно ја затворивме депонијата кај мостот „Газела“.

По утврдената фактичка состојба на терен и контактите со противпожарните служби, очигледно е дека пожарот е намерно подметнат на 5 - 6 места истовремено.

Во оваа прилика, изразуваме благодарност до фирмите: „Анизор“, „Гранит“, како и до ЈП Улици и патишта и Противпожарната бригада за вчерашната акција за гаснење на пожарот долж Кејот на Вардар, во близина на Спортскиот центар „Борис Трајковски“. До доцните вечерни часови, овие субјекти ревносно се бореа со пожарот, со цел да се локализира, и истиот да биде ставен под контрола.

Во текот на следната недела Општината ќе објави јавен повик до јавните претпријатија, како и до општествено одговорни субјекти и градежни компании, да се приклучат кон целосно чистење на депониите долж Кејот на Вардар.

Моментално, на Кејот на Вадрдар се уште има мобилни екипи од Општината, противпожарната служба и дел од јавните претпријатија, со цел да ги изгаснат малите пламени кои уште тлеат на оваа површина.



# ПАРТИЗАН ОБЕДИНУВА
# - СЕ ПОДГОТВУВА ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ЗА САЛАТА

Иницијативата за спас и обнова на спортската сала „Наум Наумовски Борче“ - Партизан го привлече вниманието и на двајца млади архитекти, Томас Ромеро Талеј од Шпанија (Барселона) и Матеус Сартори (Бразил) кои денеска беа во посета на салата заедно со претставници од Општина Карпош, Меѓународната невладина организација „Културно Ехо“, Стрелачката федерација и Сојузот на ветерани.

Во контекст на тоа, тимот од Општина Карпош, заедно со „Културно ехо“ и двајцата архитекти веќе работат на идејното решение за салата, како и на програмско - содржинскиот концепт на истата, со цел да започне процесот на ревитализација штом „Партизан“ се врати во сопственост на Општина Карпош.

Сите страни се согласни дека треба да се задржи автентичноста на објектот и намената на просторот, но и да се направи стратегија за одржливост на овој култен спортски објект.

Иницијативата за спас и обнова на „Партизан“ има обединувачки карактер, со вклучеување на повеќе засегнати институции, на граѓанскиот сектор, на спортските работници и на стручната јавност (архитекти).

Намерата на Општина Карпош е „Партизан“ да биде позитивен пример за начинот на кој треба да се „ресетира“ еден запуштен објект кој претходно претставувал јавно добро.



